ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А

## ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

## ЗА 2015 ГОДИНА

**Скопје, декември 2014 година**

## КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **CAAT's** | Компјутерски подржувани ревизорски техники |
| **ISSAI** | Меѓународни стандарди на Врховни ревизорски институции |
| **ВРИ** | Врховни ревизорски институции |
| **ГДР** | Главен државен ревизор |
| **ДЗР** | Државен завод за ревизија |
| **ЕСР** | Европски суд на ревизори |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЕУРОСАИ** | Европска организација на врховни ревизорски институции |
| **ЗДР** | Закон за државната ревизија |
| **ИДИ** | Иницијатива за развој во рамки на ИНТОСАИ (непрофитна организација која има за цел зајакнување на институционалните капацитети на ВРИ во земјите во развој во рамки на регионалните работни групи на ИНТОСАИ) |
| **ИНТОСАИ** | Меѓународната организација на врховни ревизорски институции |
| **ИПА** | Инструменти за претпристапна помош (Pre-accession assistance) |
| **ИТ** | Информатичка технологија |
| **НПАА** | Национална програма за усвојување на правото на ЕУ |
| **ОЕЦД** | Организација за економска соработка и развој |
| **ПГДР** | Помошник на главниот државен ревизор |
| **РГ** | Работна група |
| **РМ** | Република Македонија |
| **СИГМА** | Поддршка во подобрување на управувањето и раководењето (здружена иницијатива на ОЕЦД и ЕУ) |

Врз основа на член 9 точка 2 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија бр. 66/10, 145/10, 12/14 и 43/14) и член 53 од Правилникот за организација и работа на Државниот завод за ревизија, бр.01-1255/1 од 24.12.2013 година, главниот државен ревизор донесе:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за работа на Државниот завод за ревизија за 2015година

## 1. Цели и задачи за работа на Државниот завод за ревизија во 2015 година

Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија (ДЗР) за 2015 година ќе се остварува согласно постојната законска рамка утврдена со Законот за државната ревизија (ЗДР).

Во текот на 2015 година ќе се интензивираат активностите на обезбедување потребни услови за реализација на стратешките цели на државната ревизија во Република Македонија со што ќе се оствари:

- Обезбедување независност на државната ревизија како уставна категорија, во согласност со принципите на Декларацијата од Мексико;
- Достигнување оптимален број на вработени и усогласување на организационата поставеност и вкупниот број на извршители со надлежностите и стратешките цели на ДЗР;
- Унапредување на етиката и интегритетот;
- Натамошно подигање на нивото на квалитет на извршување на ревизиите во согласност со ревизорските стандарди и методолошка пракса на државната ревизија;
- Имплементација на систем за континуирано следење на спроведување на препораките по наодите од извршените ревизии во функција на одржување на ефективни контроли кај субјектите предмет на ревизија;
- Ќе продолжи праксата за осигурување на квалитетот на ревизиите, преку избор на ревизии кои ќе бидат предмет на проверка, со цел да се подобри квалитетот на работењето;
- Воведување во примена на новите методолошки акти на ДЗР , односно Прирачникот за ревизија на регуларност и Прирачникот за ревизија на успешност , донесени заради нивна хармонизација со ISSAI стандардите;
- Интензивирање на соработката со Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Министерството за финансии, Јавното

обвинителство, Државната комисија за спречување на корупцијата и други надлежни органи и институции;

- Обезбедување опфат со државна ревизија според соодветна структура на субјекти и јавна потрошувачка, со што би се обезбедиле потребни податоци и информации за изградба на објективна оценка за степенот на остварувањето на наменското и законското трошење на јавните средства;
- Натамошно зајакнување и проширување на капацитетите за вршење на ревизија на успешност на различни програми и проекти, во функција на остварување на целите на ревизијата, отчетноста и доброто управување односно испитување на резултатите, економичноста, ефикасноста и ефективноста на активностите на јавниот сектор;
- Континуирана едукација на човечките ресурси;
- Обезбедување на неопходни финансиски средства за целосно и квалитетно извршување на Програмата, воспоставување објективен систем за оцена на извршувањето на работните задачи;
- Создавање на услови и натамошно опремување со информатичка и друга опрема, со цел спроведување на подготвителни дејствија за примена на АМС софтверот за вршење на ревизија;
- Понатамошно унапредување на принципите на јавност и транспарентност во работата на ДЗР и подобрување на системот на комуникација и размена на информации со домашни и меѓународни субјекти;
- Примена на современи методолошки пристапи и пракса при вршење на државна ревизија согласно ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, ЕУ и други меѓународни стандарди и упатства за вршење државна ревизија;
- Продолжување на воспоставената соработката со ВРИ, Европскиот суд за ревизија, комитетите и работните групи на ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ и други меѓународни организации и професионални тела и нејзино проширување во функција на остварување на стратешките цели на ДЗР.

## 2. Избор на субјекти/проекти/теми за вршење ревизија

Изборот на субјектите/проектите/темите за Програмата е извршен согласно член 22 и 23 став 1 од Законот за државната ревизија и Упатството за предлагање на ревизии за годишната програма за работа на ДЗР.

Согласно пропишаните критериуми во Упатството за предлагање на ревизии, ДЗР во 2015 година планира да изврши вкупно 53 ревизии, кои се прикажани во Прегледот на планирани ревизии, кој е составен дел на Програмата за работа на ДЗР за 2015 година (**Прилог 1**).

## 3. Организациона поставеност на ДЗР за извршување на Програмата за работа

Програмата за работа на ДЗР за 2015 година ќе се реализира со вкупно 93 вработени овластени државни ревизори и државни ревизори и вработени за административна поддршка. Согласно Правилникот за организација и работа, вработените се распоредени во 7 /седум/ сектори и 2/две/ одделенија, од кои 3/три/ сектори се директно вклучени во процесот на ревизија (сектори за ревизија ) и покриваат различни области и субјекти од јавниот сектор, 1 /еден/Сектор за ревизија на информационите системи, 1/ еден / Сектор за унапредување на ревизијата и контрола на квалитетот, 2/два/ сектори за административна поддршка ( Сектор за правни и општи работи, јавни набавки и односи со јавноста и Сектор за финансиски прашања) и 2/две/ самостојни одделенија за внатрешна ревизија и одделение за управување со човечки ресурси.

## 4. Финансирање на ДЗР

Согласно законските надлежности, за финансирање на активностите определени со Годишната програма за работа на ДЗР за 2015 година планиран е буџет во износ од 98.380 илјади денари.

Финансиските средства за реализација на годишната програма за работа за 2015 година се распределени во следните категории на расходи:

| **Расходи** | **Сметка на основен буџет** |
|---|---|
| Плати и надоместоци | 72.030 |
| Стоки и услуги | 24.100 |
| Субвенции и трансфери | 300 |
| Капитални расходи | 1.950 |
| **Вкупно** | **98.380** |

Од аспект на структурата на расходите, 73,2% се планирани за плати и надоместоци на вработените, 24,5% за стоки и услуги, 0,3% за субвенции и трансфери и 2% за капитални расходи.

Во текот на 2015 година за финансирање на активностите на ДЗР се планирани и средства од донации во износ од 19.025 илјади денари. Овие средства се наменети за континуирано подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизорската работа преку учество во проектот за имплементација на Системот за управување со ревизијата (Audit Management System-AMS ).

## 5. Едукација на вработените

Активностите за едукација на вработените се усогласени со стратешките определби на ДЗР за континуирано надградување на професионалните и стручни способности на ревизорите и раководниот кадар во институцијата и воспоставување објективен систем за оцена на степенот и квалитетот при исполнувањето на работните задачи.

Обуката на вработените на ДЗР ќе се изврши низ повеќе форми: организирање интерни обуки во рамките на ДЗР и со предавачи од ДЗР и користење на надворешни експерти; обука на работно место, учество на курсеви, семинари, работилници, организирани од работни групи/комитети на ИНТОСАИ/ЕУРОСАИ, Европскиот суд за ревизија, СИГМА и други меѓународни професионални организации и асоцијации.

Согласно операционализацијата на Стратегијата за управување со човечките ресурси и расположливите капацитети, во 2015 година интерните обуки во ДЗР ќе се реализираат од следните области:

а) Практична примена на МСС - втора половина на јануари 2015 година,
б) Обука на вработените во ДЗР за користење на надградената ИТ инфраструктура - прва половина на февруари 2015 година,
в) Зајакнување на етиката во ВРИ – средина на февруари 2015 година,
г) Обука за новите Прирачници за ревизија на регуларност и за ревизија на успешност и за тек на ревизија на регуларност – втора половина на февруари 2015 година;
д) Најнови измени и дополнувања на Законот за јавни набавки во соработка со Бирото за јавни набавки – јануари- март 2015 година.

## 6. Методолошки прашања

Ревизорските стандарди обезбедуваат упатства за ревизорите во одредување на опфатот на ревизорските чекори и постапки кои треба да се применат на ревизиите и се состојат од критериуми во однос на кои квалитетот на резултатите од ревизиите се оценува. Прирачниците и упатствата ги водат ревизорите како тоа може да се обезбеди.

Во текот на 2015 година ќе продолжи реализацијата на стратешките цели утврдени со Стратегијата за имплементација на ISSAI, односно стратешката цел 2 за натамошен развој на квалитетот на државната ревизија. Со усвојувањето на новите Прирачници за ревизија на регуларност и ревизија на успешност на крајот на 2014

година, подготвени врз основа на извршени анализи за процена за усогласеност со ISSAI, во текот на 2015 година ќе започне нивната примена, со што ќе се обезбеди еднаков пристап и висок квалитет при извршување на ревизиите.

Во таа насока ќе се изврши усогласување на Упатство за осигурување на квалитет на ревизиите и Упатството за контрола на квалитет со новите Прирачници.

Во текот на 2015 година, ќе биде изготвен и Прирачник за ревизија на ИТ системите, со што ќе се заокружи усогласувањето на методолошките акти на ДЗР со ISSAI стандардите.

## 7. Информационен систем на ДЗР и ИТ ревизија

Во 2015 година активностите ќе се реализираат согласно целите дефинирани во стратешките документи за понатамошен развој на информацискиот систем, примена на информатичката технологија и нејзино рационално и ефикасно искористување во ревизијата.

Во таа насока се планира:

- Континуиран развој и одржување на информацискиот систем согласно стратешките цели за развој на информатичката технологија во државната ревизија,
- Учество во проектот „Подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизорската работа со употреба на Систем за управување со процесот на ревизија (Audit Management System (AMS)“,
- Учество во дизајнирање и имплементација на Систем за управување со процесот на ревизија (Audit Management System (AMS),
- Развој на процедури за ИТ политиките во согласност со законската регулатива и стандардите,
- Изготвување на апликацијата тек на ревизијата за ревизија на успешност,
- Поддршка во администрирање на Софтверот за анализа на податоците од ревизорските извештаи, наодите и препораките,
- Соработка со останатите државни институции за размена на податоци за потребите на ревизијата,
- Континуирана поддршка на ревизијата во делот на превземање и обработка на базите на податоци на субјектите предмет на ревизија, употреба на CAAT’s, и примена на ИДЕА софтвер, во анализата на податоците, избор на примерок и негово документирање,
- Континуирана поддршка на ревизијата за употреба на апликацијата тек на ревизијата за ревизија на регуларност,
- Ревизија на компјутеризираните информациски системи од кои се процесираат податоци и информации за изготвување на финансиските извештаи кај субјектите предмет на ревизија во 2015 година,

- Ажурирање на содржините на ИНТРАНЕТ страната на Државниот звaод за ревизија,
- Обука за вработените во Секторот за ревизија на информациски системи за одржување и администрирање на новата ИТ инфраструктура,
- Изготвување на Прирачник за ревизија на информациски системи,
- Стандардизирани документи за размена, со што документите во ДЗР ќе бидат стандардизирани во соодветен формат (пример XML),
- Анализирање на можностите и начините за воспоставување на база на имплементирани информациони системи кај субјектите предмет на ревизија.
- Континуирано следење на активностите и соработка со IT работната група на ЕУРОСАИ .

## 8. Меѓународна соработка

Меѓународната соработка на ДЗР во 2015 година ќе се реализира преку активна соработка со ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, Европскиот суд на ревизори (ЕСР), други национални ВРИ, Светска банка, СИГМА и други меѓународни организации и институции по прашања од државната ревизија. Соработката ќе се одвива низ различни форми: учество на семинари и работилници, електронски обуки за ревизорите, истражувања, работа во работни групи, оценски мисии, работни посети, учества на конференции/симпозиуми, стажирање во ЕСР и друго.

Соработката има за цел идентификување и промовирање на добрата пракса кај ВРИ, размена на методолошки и ревизорски искуства за формите, содржините, периодиката и начинот на објавување на резултатите од ревизиите и следење на ефектите од извршените ревизии, како и утврдените појави на измама и корупција, обезбедување квалитет на ревизиите, развојот на капацитетите за обука, видот на соработка со ВРИ, транспарентноста и информирањето на јавноста.

Во 2015 година ДЗР ќе продолжи да учествува во активностите на работните групи на ИНТОСАИ/ЕУРОСАИ за ревизии од областа на животната средина и ревизија на ИТ, во кои членува од 2002 и 2005 година. Покрај учеството на редовните годишни состаноци и семинари, овие активности вклучуваат и подготовка на релевантни документи, одговор на прашалници и друг вид истражувања кои се прават со цел да се создаде заедничка база на податоци за ВРИ.

Меѓународната активност на ДЗР ќе се одвива и во рамките на работните групи на ЕУРОСАИ за реализација на Стратегискиот план на ЕУРОСАИ 2011-2017 (1-градење капацитети, 2-професионални стандарди, 3-споделување на знаења) и на специјалната работна група за ревизија и интегритет, кои имаат за цел имплементирање на ISSAI стандардите во ДЗР и пошироко, споделување на искуствата и унапредување на етиката и интегритетот кај ВРИ и институциите од јавниот сектор.

Врховните ревизорски институции од земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ ќе продолжат со активностите за јакнење на своите капацитети преку соработка со ЕСР и ВРИ од земјите членки на ЕУ во рамките на мрежата на претседателите која ја сочинуваат ВРИ на Турција, Македонија, Исланд, Црна Гора, Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, ЕСР и Косово во својство на набљудувач. Покрај редовните активности на мрежата, во 2015 година со реализација треба да започне Рамковниот план на активности на мрежата на претседателите (2014-2015/6) усвоен на состанокот на претседателите одржан во ноември 2013 година во Будва, а чие спроведување беше одложено од логистичко - финансиски причини. Активностите на мрежата кои се со цел да придонесат за полесно интегрирање на земјите кои се во редот за прием во ЕУ се одвиваат во координација на офицерите за врски на ВРИ и со поддршка на Работната група за заеднички ревизорски активности, формирана од Контакт комитетот на ВРИ на ЕУ. Активностите на мрежата во 2015 година ќе бидат сосредоточени на следните теми: утврдување на материјалноста и пристап при изборот на примерок, улогата на ВРИ во спречување на измами и корупција и унапредување на ревизорските извештаи.

Учеството на ДЗР на состаноците на Контакт комитетот на ВРИ од ЕУ, овозможува континуирано следење на најновите случувања во областа на владеењето/управувањето со јавните финансии во ЕУ, влијанието на новата регулатива на ЕУ врз работењето на ЕСР и националните ВРИ, како и искуствата во областа на ревизорската пракса (методите, пристапот, изборот на подрачјата - предмет на ревизија) насочени кон подобрување на одговорноста и отчетноста во трошењето на средствата доделени од европските фондови.

На билатерален план, ДЗР ќе реализира работни посети на највисоко и техничко ниво од/со ВРИ членки на ЕУРОСАИ со цел размена на искуства и вршење заедничка ревизија од областа на туризмот со ВРИ на Хрватска. Во рамките на утврдените агенди за 2015 година за организирање обуки и други настани на ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, ЕСР и мрежата на претседатели, одреден број на ревизори и претставници ќе учествуваат на истите во согласност со потребите и можностите на ДЗР.

Во контекст на подготовките на националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) и подготовка на преговарачките позиции на Република Македонија за преговори за членство во ЕУ, ДЗР ќе учествува во ажурирањето на програмата за 2015 и во известувањето за статусот на активностите од акцискиот план преку активностите на работните групи за подрачјата: 23-антикорупциска политика и 32-финансиска контрола.

Во 2015 година со реализација ќе продолжи проектот на ДЗР со Канцеларијата на Главниот ревизор на Норвешка за подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизијата со примена на систем за управување со ревизиите (Audit Management System - AMS). Со финансиска поддршка од МНР на Норвешка, проектот се реализира во периодот од ноември 2012 до декември 2016 година. Следната фаза на проектот ќе опфати дизајнирање и развивање на софтверско решение на систем за

управување со ревизиите (AMS) и обуки на вработените во ДЗР за користење на истиот.

## 9. Анализи и извештаи

За да се обезбедат континуирани, независни, објективни, релевантни и транспарентни информации во кои ќе имаат доверба јавноста и релевантните институции, Државниот завод за ревизија ќе посвети должно внимание на обработката и анализата на информациите произлезени од конечните ревизорски извештаи.
Овие податоци на редовна основа ќе се обработуваат во САПРИ софтверот кој е интегриран, автономен и функционален систем за обработка и анализа на податоците од ревизорските извештаи. На овој начин ќе се обезбедуваат сигурни, ажурни, навремени и релевантни информации за потребите на Државниот завод за ревизија, Собранието на Република Македонија, други засегнати страни и јавноста.

Во текот на 2015 година Државниот завод за ревизија ќе продолжи со следните активности:

- во континуитет ќе ја следи реализацијата на Годишната програма и Акциониот план за нејзино извршување;
- во континуитет ќе се врши обработка и внос на податоците од конечните извештаи во САПРИ софтверот;
- во континуитет документацијата која произлегува од ревизиите (писма за најава на ревизија, писма за нацрт извештаи, писма за конечни извештаи, забелешки од ревидираниот субјект, писма за доставување на конечни извештаи до надлежните органи и сл.) ќе се евидентира во САПРИ софтверот;
- во континуитет ќе се обработуваат и евидентираат во САПРИ софтверот добиените повратни информации од Јавното обвинителство, Државната комисија за спречување на корупцијата и други надлежни органи и институции, за фазата на постапување по конечни извештаи доставени до нив;
- во континуитет ќе се обработуваат и евидентираат во САПРИ софтверот повратните информации добиени од ревидираните субјекти за фазата на постапување по дадените препораки во конечните извештаи ( ИЗПМ образец);
- ќе се обработат и евидентираат во САПРИ софтверот информациите за статусот на дадените препораки во конечните извештаи, а кои ќе произлезат од извештаите по спроведените годишни преглед – проверки за постапување на ревидираните субјекти по дадените препораки;
- преку добиените излезни извештаи ќе се прават дополнителни анализи за утврдување на состојбите и трендовите кај наодите, препораките, изразените мислења, ревидираните јавни приходи и расходи, системските слабости, статусот на дадените препораки, повратните информации и сл.
- ќе се прават посебни анализи и ќе се подготвуваат извештаи за цели на годишното известување, годишното планирање, за одредени потреби на

Државниот завод за ревизија, јавноста или други институции и засегнати страни;

На овој начин ќе се овозможи континуирано следење на реализацијата на Годишната програма и Акциониот план за работа на Државниот завод за ревизија во целост, како и на секоја одделна ревизија согласно фазата на извршување во која се наоѓа истата.
Излезните информации кои ќе произлезат од обработката на конечните извештаи ќе претставуваат основа за дополнителни анализи, подготвување на стандардни или посебни извештаи за цели на годишно известување, годишно планирање, за потребите на органите за надзор и контрола, за информирање на јавноста и за се она што ќе се јави како тековна потреба.

## 10. Информирање на надлежни органи во функција на подобро управување со јавните средства

Преку реални и објективни информации за констатирани колизии, неусогласености на законските прописи, неправилности, незаконско постапување со јавните средства и можните случаи на корупција и злоупотреба на службената должност и во 2015 година ДЗР ќе обезбедува поддршка на Собранието на РМ во исполнување на неговите надлежности .

Едновремено преку јасните и ефективни препораки за отстранување на констатираните неправилности, ДЗР ќе обезбеди поддршка на државните институции и корисниците на јавните средства за унапредување на управувањето со истите.

### 10.1 Активности во насока на надминување на системски слабости и колизии на законски прописи

Идентификување на колизии на законски прописи, пропусти/ недоречености или неусогласености на законската рамка, е битен сегмент од редовната активност на ДЗР. За идентификуваните состојби ДЗР редовно известува, во посебен дел од конечните ревизорски извештаи – Системски слабости/Останати прашања. Со редовното доставување на конечните ревизорски извештаи до Собранието и надлежните органи ДЗР го насочува вниманието кон овие слабости на органите кои се задолжени/надлежни да придонесат во нивното отстранување.

Натамошниот развој на системот на информирање и следење на активностите за надминување на системските слабости е стратешка цел на ДЗР, за чијашто реализација ќе се преземат следните активности:

- Изнаоѓање на нов пристап во известувањето на органите кои се надлежни да придонесат во отстранување на констатираните состојби и

- Континуирано следење на активностите за нивно надминување (степен и соодветноста на преземените мерки), се со цел подобрување на управувањето и употребата на јавните средства.

## 10.2 Соработка со Собранието на РМ, Владата на РМ, Министерството за финансии и другите надлежни органи

Соработката со Собранието на РМ, Владата на РМ и Министерството за финансии ќе биде во функција на реализација на Заклучоците на Собранието на РМ, донесени по разгледувањето на Годишниот извештај на ДЗР за 2013 година.

Во согласност со Заклучоците, ДЗР своите активност во 2015 година ќе ги насочи кон:

- Редовно информирање на Собранието на РМ и другите надлежни органи за извршените ревизии и за резултатите од истите;
- Разгледување на "Годишниот извештај на ДЗР за 2014 година" на седница на Собранието на Република Македонија;
- Известување на Собранието на РМ и другите надлежни органи за системски слабости кои индицираат активности од нивна надлежност;
- Соработката со Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола во Министерството за финансии, согласно потпишаниот Протокол за соработка и
- Соработката со Ревизорски комитет - постојано стручно тело во Владата на Република Македонија.

## 10.3 Активности поврзани со спречување на корупцијата

Активностите на ДЗР поврзани со спречување на корупцијата се одвиваат во согласност со овластувањата и обврските утврдени со Законот за државната ревизија, Законот за јавното обвинителство, Законот за спречување на корупција и друга законска регулатива.

Во тие рамки, во текот на 2015 година, ДЗР ќе продолжи да:

- Доставува ревизорски извештаи/известувања до надлежните органи, за наоди кои индицираат активности од нивна надлежност и обезбедува повратни информации за преземени мерки согласно нивните надлежности (во основа од Јавното обвинителство);
- Доставува извештаи и информации за извршени ревизии, по барање на одделни институции;
- Одржува работни средби за меѓусебно информирање, размена на искуства поврзани со методологијата на работа и презентација на наодите во ревизорските извештаи, усогласување на прописи, запознавање со Европската легислатива од аспект на борбата против корупцијата и вршењето на државната ревизија;

- Активно да учествува во реализацијата на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и за превенција и намалување на појавата на судир на интереси во периодот 2011-2015 година и
- Преку свои претставници и натаму да учествува во работата и активностите на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата.

**10.4 Следење на препораките дадени во ревизорските извештаи**

Подготвеноста на субјектите предмет на ревизија, да ги прифатат препораките и да преземат по нив соодветни активности укажува на прифатена одговорност за квалитетно располагање со јавните средства.

Во таа насока ДЗР ќе се настојува со давање на јасни и ефективни препораки и натаму да придонесува во спремноста на субјектите по препораките да преземат соодветни мерки.

Едновремено, континуирано ќе ги обработува и анализира податоците за преземените мерки за надминување на неправилностите, за кои се дадени препораките.

Хронолошки ќе ги евидентира податоците за преземените мерки од сите извори:

- од конечните ревизорски извештаи изготвени при последователната ревизија;
- од конечни ревизорски извештаи изготвени по извршените ревизии за следење на спроведување на препораките, и
- од субјектот кој согласно член 32 од ЗДР, е должен да извести за мерките преземени по препораките.

Во функција на потврдување на објективноста на информации добиени од субјектите, ДЗР и во текот на 2015 година ќе врши проверка на спроведувањето на дадените препораки во ревизорските извештаи изготвени по ГП за 2013 и 2014 година.

Врз основа на примените, обработени и систематизираните податоци, по барање на надлежните институции, ќе се изготвуваат информации/известувања за степенот на спроведувањето на препораките (спроведена, делумно спроведена, во тек, не спроведена). Инаку, препораките се следат се до моментот кога ќе се оцени дека субјектите соодветно ги имплементирале препораките и преземале мерки за трајно отстранување на утврдените неправилности.

За постапувањето на субјектите по дадените препораки, во рамките на Годишниот извештај за работа за 2014 година, ДЗР ќе го извести и Собранието на Република Македонија.

## 11. Информирање на јавноста

Информирањето на јавноста со цел ДЗР да биде транспарентен во однос на својата работа ќе продолжи и во 2015 година. Процесот на пренесување на информациите за улогата и за резултатите од работењето на ДЗР е приоритет на ДЗР во однос на тоа истите да бидат познати и разбрани од поширокатa јавност и заинтересираните страни да имаат рамноправен пристап до информацијата за начинот на трошењето на јавните средства.

Во 2015 година ДЗР ќе продолжи со активностите поврзани со информирањето во насока на подобро разбирање на ревизорските извештаи од засегнатите страни, а тоа се: субјектите предмет на ревизијата, надлежните институции за работењето на субјектите предмет на ревизијата, надлежните институции за постапување по ревизорските извештаи, медиумите и граѓаните.

Објавувањето на Конечните ревизорски извештаи на WEB страницата, заедно со забелешките на субјектите дадени по однос на извештаите, односно одговорите на ДЗР по однос на забелешките, ќе продолжи континуирано да се реализира и во 2015 година. Во таа насока, ДЗР ќе продолжи да ги подобрува постоечките начини и средства за комуникација и континуирано да ги имплементира другите комуникациски технологии како интернетот.

За навремено информирање на јавноста и за подобрување на комуникацијата со релевантните страни, во 2015 година ДЗР ги планира следниве активности:

- објавување на Конечните ревизорски извештаи, заедно со забелешките на субјектите предмет на ревизијата и одговорите на ДЗР по однос на забелешките, на својата WEB страница;
- објавување на „Годишниот извештај на ДЗР за работењето во 2014 година“;
- објавување на информации, вести и други содржини на WEB страницата за планираните и за тековно реализираните настани и активности на ДЗР;
- објавување на извештаите на политичките партии за добиените донации во 2014 година;
- перманентно информирање и брифирање на медиумите и новинарите, на институциите со кои ДЗР соработува и на сите други заинтересирани и засегнати страни во процесот на вршење државна ревизија;
- користење на средства и инструменти на комуникација и за информирање на јавноста.

## 12. Извршување на Годишната програма за работа на ДЗР

Извршувањето на Годишната програма за работа на ДЗР за 2015 година ќе се реализира со Акционен план кој е составен дел на Годишната програма за работа на ДЗР.

## 13. Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2015 година.

Број 01-833/1

Скопје, 25.12.2014 година

Главен државен ревизор

м-р Тања Таневска

**Прилог 1**

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за работа на Државниот завод за ревизија за 2015 година**
**Преглед на планирани ревизии за 2015 година**

## 01 РЕВИЗИИ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИИ НА УСОГЛАСЕНОСТ

| ИК | Ред.бр. Годиш на | Ред.бр. во | ОПИС | Место |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 | 1 | Основен буџет на Република Македонија | Скопје |
| 3 | 2 | 1 | Министерство за финансии | Скопје |
| | 3 | 2 | Министерство за надворешни работи | Скопје |
| | 4 | 3 | Министерство за економија | Скопје |
| | 5 | 4 | Министерство за животна средина и просторно планирање | Скопје |
| | 6 | 5 | Агенција за финансиска поддршка во земјоделство и руралниот развој | Скопје |
| | 7 | 6 | Биро за судски вештачења | Скопје |
| | 8 | 7 | Агенција за разузнавање | Скопје |
| | 9 | 8 | Јавно обвинителство на РМ | Скопје |
| 4 | 10 | 1 | ВМРО-ДПМНЕ | Скопје |
| | 11 | 2 | СДСМ | Скопје |
| | 12 | 3 | ДУИ | Скопје |
| | 13 | 4 | ДПА | Скопје |
| 5 | 14 | 1 | Апелационен суд | Скопје |
| | 15 | 2 | Апелационен суд | Штип |
| | 16 | 3 | Апелационен суд | Битола |
| | 17 | 4 | Универзитет „Св.Кирил иМетодиј“ Правен факултет | Скопје |
| | 18 | 5 | Универзитетза информатички технологии „Св.Апостол Павле“ | Охрид |
| | 19 | 6 | ЈНУ Институт за национална историја | Скопје |
| 6 | 20 | 1 | ЈЗУ Здравствен дом | Куманово |
| | 21 | 2 | ЈЗУ Здравствена станица Железара | Скопје |
| | 22 | 3 | ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија | Скопје |
| | 23 | 4 | ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија | Скопје |
| | 24 | 5 | ЈЗУ Универзитетска клиника запластична и реконструктивна хирургија | Скопје |
| 7 | 25 | 1 | Буџет и корисници на буџет на град Скопје | Скопје |
| | 26 | 2 | Буџет и корисници на буџет ЕЛС Кисела Вода | Скопје |
| | 27 | 3 | Буџет и корисници на буџет ЕЛС Бутел | Скопје |
| | 28 | 4 | Буџет и корисници на буџет ЕЛС Кочани | Кочани |
| | 29 | 5 | Буџет и корисници на буџет ЕЛС Куманово | Куманово |
| | 30 | 6 | Буџет и корисници на буџет ЕЛС Чучер Сандево | Чучер Сандево |
| 9 | 31 | 1 | ЈП Македонија пат | Скопје |
| 10 | 32 | 1 | ЈП Паркови и зеленило | Скопје |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | 33 | 2 | ЈП Водовод и канализација | Скопје |
| 11 | 34 | 1 | Народна банка на Република Македонија | Скопје |
| 13 | 35 | 2 | Македонска банка за подршка на развојот Скопје | Скопје |
| | | | | |
| | | | **РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ** | |
| | 36 | 1 | Управување со деловниот простор соственост на РМ | Скопје |
| | 37 | 2 | Развој и унапредување на средни и мали претпријатија во РМ | Скопје |
| | 38 | 3 | Ефикасност и ефективност на термо минерални води, нивна искористеност во РМ | Скопје |
| | 39 | 4 | Капацитетите на РМ за ефикасно справување со епидемии | Скопје |
| | 40 | 5 | Извотите на финансирање и нивното влијание вра ефикасноста на работењето и остварувањето на здравствената заштита во јавните здравствени установи | Скопје |
| | 41 | 6 | Ефикасност на процесот на управување со судските депозити и гаранции во РМ | Скопје |
| | 42 | 7 | Услови за развој на руралните средини | Скопје |
| | 43 | 8 | Управување со спортски објекти во РМ | Скопје |
| | 44 | 9 | Управување со цврст отпад во РМ | Скопје |
| | 45 | 10 | Еефикасност на мерките и активностите утврдени со законските и стратешките документи за енергетска ефикасност во РМ и обновливи извори на енергија | Скопје |
| | 46 | 11 | Ефективност на програмите/мерките насочени кон развој на средното образование | Скопје |
| | 47 | 12 | Начин на водење на музејската евиденција во националните или локалните установи и заштита на музејските експонати | Скопје |
| | 48 | 13 | Ефикасност на процесот на легализација/постапување со бесправно изградени објекти во РМ во периодот 2011 - 2014 година | Скопје |
| | 49 | 14 | Ефикасност на политиките и активностите за вработување на млади лица од 20-29 години, предвидена во програмата за субвенционирање на вработувањето - Агенција за вработување на РМ | Скопје |
| | 50 | 15 | Ефикасност на политиките и активностите за промовирање натуризмот /Паралелна ревизија со РХрватска | Скопје |
| | 51 | 16 | Ефикасноста на управувањето со земјоделското земјиште, со посебеносврт на неговото евидентирање, издавање под закуп и следење на наплатат на закупнинаната | Скопје |
| | 52 | 17 | Ефикасност на преземените мерки, политики и активности за остварување на права од социјална заштита на стари лица во РМ, институционално сместување во државни и пензионерски домови и клубови | Скопје |
| | 53 | 18 | Ефикасност на преземените активности од страна на надлежните институции со цел подготовка на реките за заштита од ефекти на водата | Скопје |